Надежда МОМИРОВСКА

# СПЕЦИФИКАТА И ТВОРЕЧКАТА ОСОБЕНОСТ НА ВАСИЛ ИЉОСКИ

Од своето прво драмско дело до денес Васил Иљоски е пример на талентиран драмски писател, солиден творечки трудбеник, првиот од тројцата основоположници на трендот и растот на драмската литература и на театарот во Македонија помеѓу двете светски војни на мајчин јазик од чии дела и денес се гради зградата на уметничките драмски достоинства и се комплетира театарскиот репертоар.

Творечката личност на Васил Иљоски означува целесообразна ерудиција и соодветна творечка носивост. Без ексклузивности, со трудољубивоста и упорноста, постојаното восприемање и осознавање на специфичностите на драмското дело, за своето време со завидна култивираност, усет за сценско дело, стрплив и благороден посматрач на животот на народот во етнографското милје; во патријархалниот живот, во традицијата, во мраќавањето за македонскиот човек; во неслобода и проскрибиран јазик, во ограничувањата на неразвиеноста, со скудна материјална основа; во краткиот век на човека колку од маларијата толку од сите болештини, во социјалните премрежија и во отпатноста на провинцијата — создавајќи дела со осведочена вредност, тој ја задолжува драмската и културна историја на Македонија да биде вреднуван и за квалитетот и за квантитетот. Во неговата тивка творечка природа, без големи изненади, со однегуваност и рационална творечка продолжителност ние откриваме задоволување на историската нужност и колективна потреба за уметничкото создавање. Ако пак се има во вид степенот и интензитетот на општествените, политичките и уметничките ограничувања, тогаш творечката појава и опусот на Васил Иљоски испакнуваат уште порелјефно.

Васил Иљоски одбрал среден тек, оној пат што не ќе достаса до највисоките катови, но кој е сигурен, досега во мало, излачено како бисер, затоа драго а збрано утре; а тоа е нашата современост, да сочинува дело што е непобитно и со многу вредности. Во неговите дела има подеднакво наспроти

психологијата на застојана контемплација — социјален, животен, тематски зафат, чувство и порив за народен и национален пробив. Ако не посега по примарните врутоци, доколку не се изјаснува за разрешување основни егзистенцијални проблеми на човека и времето, тој понира до дилеми кои се блиску до изворот на човека, на она што може да го апсорбира и пресоздаде низ драмското дело. Кај него едностојно живее идејата подобро да се прифати скромната и бесшумна уметничка порака во тоа скудно и ограничено време отколку да секне и да ја снема. Тој е свесен за таа средна линија, делото да живее, да има функција; а со мерката на уметничкиот еквивалент сигурно ќе живее и во иднина, нешто кое тешко можеше да се насети во таа провинциска и општествена мраќава и кога беше потребен голем идеализам, верување и саможртва.

Нашиот автор се јавува во третата деценија на XX век.

Што всушност се случува со драмата во овој век? Ова време е карактеристично повеќе со зачетници, отколку со следбеници на новите насоки и школи. Нашиот литературен и драмски простор во тоа време ниту по комуникација, ниту по интензитетот објективно можеше да биде некој поизразит терен за авангарда.

Тоа е време кога на друг простор се најавуваат новите тенденции во драмата: авангардната, епскиот театар, филозофската драма, симболичната и поетската драма.

Васил Иљоски не му припаѓа на доктринерскиот екстрем, ниту на вербалниот, ниту на парадоксалниот артизам. Во годините кога нашиот автор почнува да создава тој е повеќе поттикнат од она што е елементарна потреба на средината, којашто е изразито патријархално затворена, непросветена маса на народ со хетерогени социјални меѓуслоеви, невлијателна граѓанска класа и отсуство на театарска публика. Според неговото пледоаје, односно неговата порака во делата било каков естетизам или каков и да е интелектуален авангардизам би бил беспредметен во поширокиот народен и национален културен простор, атмосферата и климата особено во неговата потесна општествена средина којашто се задушувала во национална обесправеност, социјална и воопшто егзистенцијална скудност.

Авторот ќе започне како посматрач на животот и негов одразувач. Ќе трага и ќе достаса до уверувањето дека темите, идеите, карактерите, ликовите, односите, конфликтите и дејствието треба да ги црпе од животот. Би рекле, основниот принцип од кој тргнува е дека делото треба да го одразува животот, да му служи на народот, да биде негова своевидна оаза, каде што ќе се открива и потхранува. Многу од неговите ликови ќе бидат автентични или ќе ги апсорбираат особеностите на јунаците од животот, на индивидуите кренати до уметничка транспонирана вредност. Ако главна карактеристика на неговата драмска ли-

тература ќе биде стремеж што повеќе да се ОДРАЗУВА, отколку да се ИЗРАЗУВА, тоа не значи дека во жанрот на РЕАЛИСТИЧКО-ЕТНОГРАФСКО И НАРОДНО се движел приземно и еднолиниски. Неговите драми и комедии не се редактирани, драматизирани или сценски адаптирани однесувања на луѓето, на нивните односи, слики од животот, настани, обичаи и игри на народот.

А ако понекаде понагласени со битот и фолклорот, неговите дела се нешто многу побогато, литературно и драматуршки творечко достоинство.

Загледан во предметот на интересирањето: животот, цел од човека за човек, во присна солидарност со потенцијалниот гледач, повеќе со стремежите да афирмира проблеми и потреба на народот, тој изградил и концепција за популарното и воспитното. Имајќи ја предвид ограничената сознајна и културна вредност на гледачот, негов современик, тој се определил за задоволувачка, надополнувачка функција; прикажаното дело на сцена да биде реална оаза и надомест за малиот човек.

Токму затоа и обични луѓе стануваа протагонисти во неговите дела. Тие се носители на моралните идеи, наместо чисто интелектуално дејство, коешто не им е својствено. Тој ги наменува своите дела на публиката, која спонтано содејствува во нив и затоа скоро насекаде внесува елементи на игра и песна. Сака да најде и наоѓа едноставна човечка мера. Неговата публика ќе може поинтензивно да сочувствува со ликовите на сцената.

Васил Иљоски не е бунтовник на постојниот општествен поредок, но е по вокација, ангажиран автор кој ги поставува проблемите на човековиот опстанок, го разбира и му овозможува еден сценски свет низ кој тој е помоќен и со потврда за себе. Не тргнува од идејата за човека, туку од состојбата на човека, од нејзината особеност и неа творечки ја трансформира. Тој е претставник на фазата на битовата драма, предвесник и континуитет на подоцнежната литературна еманципација на драмското творештво, која што ќе се изврши колективно во условите на слободната и современа македонска литература, во полетот и разгранувањето на творечкото будење, кое сè уште трае. Нашиот автор не беше во можност да биде пионер на новото во некоја ексклузивна естетичка насока. Тој беше во суштина со појавата и опстојувањето разбраздувач на новото, за да може врз одгледната почва на прочистениот пат, кој не беше ни лесен ни едноставен, да дојде време и да се создадат услови на творечко надминување и естетска доградба. Ако не можел да рашири широки паралели, тој расчистувал бурјан за нови патишта. Со творештвото пополнувал вакуум, физички недостиг, во скудна и прогонувана литературна актива решавал основни задачи.

*

* *

Насетувањето, откривањето, изборот на темата и фиксирањето на идејата имаат различни поводи. Кај Иљоски имаше видливо, смислено и преднамерно насетување веднаш по насловот да ја насетиме и темата.

За разлика од темата, смисленото животно збиднување поставено преку уметничко обликување кај Иљоски го откриваме и ставот спрема определеното, изделено и фиксирано тематско подрачје, односно идејата; она што тој го проследува, го истакнува и го изнесува низ ликовите, нивните односи, судири, перипетиите; низ композицијата и целиот текст како процес и средство за реализација.

Животниот податок, онаа сурова животна стварност, онаа често можна логичка премиса „животот создава драма", драматичност на односите, судирите и настаните, не се сами по себе идеја. Животниот податок, набљудувањето, фиксираното животно збиднување се само почетна основа. На тоа нешто следи цел последователен процес на обработка, на литературно-драматуршко, односно сценско оформување и проникнување.

Низ сета негова творечка последователност и доследност, во литературно-драматуршката примена јасна е сценско-уметничката еманципација на животната материја. Со знаење и умеење во таа историска, политичка и стопанска скудност, национална обесправеност и проскрибираност на јазик, по обем и квалитет Иљоски во целина извршува МНОГУ ПОГОЛЕМА РАЗВОЈНА ПРИМЕНА ОД СВОИТЕ СОВРЕМЕНИЦИ. Неговите драмски дела во тоа време се скоро образец на драмско-литературно познавање и искуство. Биле ли некои поголеми ерудити во тоа време од него? Не. Тој е над сите по теоретската и занаетската подготвеност, по образованост, естетска предестинираност и однегуваност. Никој, исто така, во толкава мера не направил широка разработка во разни теоретски подрачја, со толку ликови, карактери, фабула, говор за сцената и односи на личности за претставата, за изведување.

Ќе се јават нови имиња; кои ќе забраздат подлабоко во разораната нива, со подруг творечки порив и темперамент; но Васил Иљоски ќе остане продолжително и трајно вредност што најцелосно и без престан ќе ја одрази развојната нишка на оваа уметничка област. И неговите драмски дела што ќе се јават во годините кога современата македонска литература ќе доживува поголем, интензитет и постојана нагорнина, којашто не само што не прекратува туку бујa, Иљоски ќе го потврди својот творечки пат со драмски дела кои по квалитет и разновидност зборуваат за една навистина импозантна творечка личност.

Делата на Васил Иљоски означуваат суверен литературно-драмски развој и континуитет а паралелно со тоа се значајни за култивирањето на публиката и израснувањето на театарот во Македонија.

Пробивите и дострелите ќе бродат сѐ поуспешно, пополетно и повредносно но улогата и местото на Васил Иљоски се евидентни. Неговиот творечки опус не е случајна појава, тоа не е ефемерна, туку едностојна угорна линија. Педесетгодишно растење и опстојување не е квантитативен фактор, туку пред сѐ својство во нераскинливото единство помеѓу сестраната мотивика, владеење со литературно-драматуршките особености; изразито целосна творечка личност со осведочени продолжителни вредности која ќе остане трајно и како историска појава и како силна творечка индивидуа.

Nadežda MOMIROVSKA

## LA SPÉCIFICATION ET LA PARTICULARITÉ CRÉATRICE DE VASIL ILJOSKI

(R é s u m é)

Dans le cadre de ce travail, l'auteur se propose, à l'aide d'une représentation littéraire et théorique, de faire ressortir l'oeuvre dramatique de Vasil Iljoski, une des personnes les plus éminentes de la dramaturgie macédonienne.

Dès sa première oeuvre, puis dans chacune de ses ouvrages, il réalise une intesité littéraire et scènique et un équivalent dramatique particuliers qui font de lui un exemple de création et d'adoption de la structure dramatique-littéraire, fait qui le distingue parmi ses contemporains macédoniens d'entre les deux guerres.

L'auteur y explique tout d'abord l'objectivité de l'apparition de Vasil Iljoski et sa particularité créatrice. Puis, en recourant à une classification, il s'arrête aux principes de son esthétique, à ses sujets et à ses idées les plus caractéristiques, après quoi, on y relève une systématisation et une divergence des personnages et des caractères. L'attention est prêtée ensuite à méthodologie dans la formation des personnages, au type de caractère et au rapport entre les protagonistes et les personnages secondaires. Une constatation est évidente: par leurs fonctions et par leurs idées, les personnages des drames de Vasil Iljoski expriment ce qui est typique pour le milieu et pour l'époque.

La portée dramatique se dégage à travers une étude méthodologique de la personne. Les personnages principaux sont interprétés à l'aide de leur sentiment dominant et avec un recours aux „rapports intérieurs" et aux manifestations extérieures.

On souligne ce qui est très caractéristique pour Iljoski. Ses oeuvres et ses personnages plus particulièrement encore sont nés de la vie elle-même. Ils ont pris naissance dans la tonalité variée de la vie populaire, dans le chant

et la danse en tant qu'héritages folkloriques et, plus encore, en tant qu'expressions et communications vitales. De sorte qu'à travers un jeu collectif, ces personnages secondaires, parfois même esquissés tout simplement, servent à expose le sujet du drame.

L'intrigue, cette façon particulière de disposer et de synthétiser les rapports et les événements, fixée dans le thème lui-même et exposée par le sujet, se nourrit en puisant à plusieurs sources: sociales, historiques, épigraphiques ou le milieu de la classe moyenne. Les deux dernières sources sont caractéristiques surtout pour la comédie.

Le sujet des drames de Vasil Iljoski a plutôt une intention narrative et moralisatrice, souvent même didactique à travers laquelle se font connaitre les idées de l'auteur.

Le motif social produit pourtant un effet scènique déclaratif et descriptif, tandis que le sujet historique, grâce à l'idée conductrice, sert de cadre à une exposition des événements décisifs et des caractères importants.

A l'époque ou ils apparaissent, les drames de Vasil Iljoski sont presque l'exmple de ce qu'on possédait comme connaissance et comme expérience dans le domaine du drame. Il y a chez lui une large gamme de thèmes et de sujets, un grand nombre de personnages et de caractères, un discours réservé à la scène et des rapports de personnages propres à être joués.

A la fin, à l'exemple de Vasil Iljoski, on présentera une synthèse de la valeur populaire et artistique, c'est-à-dire de cette littérature objective à laquelle appartiennent les drames de cet auteur. Et, par le rapport qu'on établit entre le folklore et la littérature artistique, rapport étudié avec une grande érudition, on fera ressortir combien le motif et le texte populaire, la beauté et le sens du folklore étaient et seront encore une inspiration créatrice et une noblesse. On démontrera finalement que la littérature artistique macédonienne n'est pas une création artificielle, sans racine ni continuité, mais qu'elle est le fruit de longs efforts, le produit d'un potentiel latent et profond.